# Во Вардар ќе се поставаат три живи врби на бетонски острови

Идејното решение за проектот е избрано на конкурсот на Министерството за култура

**Деспина Трајковска**



**РЕШЕНИЕ** Предвидено е врбите да се поставаат на бетонски конструкции што ќе личат на саксии широки по два метра

Три живи врби поставени на бетонски конструкции слични на саксии е планирано да се постават во водите на реката Вардар. Ова е овозможено со последните измени на Деталниот урбанистички план за „Мал ринг“, во кој се вцртани три маркички за изградба на споменик со фонтана во Вардар.

„И идејното решение за врбите, всушност, е еден вид споменик со кој ќе се оддаде почит на вегетацијата на Скопје“, вели Искра Димитрова, авторка на идејното решение избрано на конкурсот што го распиша Министерството за култура за избор на спомен-обележја кои во иднина ќе го разубавуваат центарот на Скопје.

Токму футуристичката нишка на овој проект, од една страна, и предвизикот во центарот на градот да се даде печат на вегетацијата, која сè помалку ја има во централното градско подрачје, биле предизвик за Димитрова при изработка на проектот. Вели дека ги избрала врбите како вегетација карактеристична за река, а Вардар како белег на Скопје, кој наедно би претставувал и природна средина за врбите.

„Во моето идејно решение предвидов врбите поставени во бетонски конструкции да се наоѓаат паралелно на кулите лоцирани до ГТЦ. Бетонските основи би биле така изведени да личат на саксии, широки по два метра“, објаснува Димитрова, која смета дека реализацијата на овој проект е реално изводлива и покрај сомнежот на дел од јавноста, бидејќи Вардар е непредвидлив, а со тоа и несоодветна подлога за поставување на конструкциите и виреење на растенијата. Авторката на идејното решение, како што вели, при неговата изработка се консултирала и со стручни лица од областа на хортикултурата и градежништвото, кои ѝ потврдиле дека не постои никаква пречка планираното да се изведе на предвидената локација.

„Сакав да создадам нешто што на градот би му дало свој израз и автентичност, а сето тоа на еден посовремен начин. Во проектот, бетонот како суров, урбан материјал го спротивставив на романтичниот аспект на врбите. Притоа, водев сметка тие да не го попречуваат погледот на Камен мост, бидејќи тој е еден од главните симболи на Скопје, а сепак да дадат доза на веселост на урбаниот пејзаж“, дообјаснува Димитрова.

Таа засега нема точни информации кога ќе бидат преземени конкретни чекори од страна на Министерството за култура за реализација на проектот. И оттаму не прецизираат ништо. Велат дека се во период на прибирање спецификации за сите прифатени проекти, по што ќе располагаат со точни информации за тоа колку средства ќе бидат потребни за нивна изведба. Планирано е сите да се реализираат до крајот на идната година.

## ВЕСТИ

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ

### Велосипедска трка „Солидарност“ по повод земјотресот

По повод 60-годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес, под покровителство на Градот Скопје, утре ќе се одржи традиционалната велосипедска трка „Солидарност“, во организација на Велосипедската федерација на Македонија и клубот „Софка“. Велосипедистите ќе стартуваат во 16,30 часот пред амбасадата на Турција, каде што е и целта на трката. Патеката е во насока кон Француските гробишта, американската амбасада во изградба, преку СРЦ „Кале“ и зградата на златарницата „Рубин“ до целта. Сениорите и јуниорите во машка конкуренција ќе возат десет круга, или 35 километри, а жените пет круга, односно 17,5 километри. (С.Н.)

ЧИСТЕЊЕ

### Во акцијата на Про кредит банка собрани 1.000 ќеси отпад

Под мотото „Штеди ја природата“, вработените од Про кредит банка, со поддршка на Град Скопје и јавните претпријатија „Комунална хигиена“, „Паркови и зеленило“ и „Улици и патишта“, собраа илјада ќеси со отпад. Акцијата се реализираше на кејот на Вардар и на Водно. Притоа се исчистени потегот од хотелот „Александар палас“ до новиот мост кај Железничка станица, а опремени алпинисти го чистеа Камен мост и неговите столбови. (С.Н.)